РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 02 - 671/1
20-02-2026
Скопје-Shkup

Врз основа на член 57, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија 2024-2028 бр. 01-2053/1 од 27.05.2024 година и Резолуцијата на Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации 1325 „Жени , мир и безбедност“, министерот за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ
## за определување родови претставници во Армијата на Република Северна Македонија

1. **Предмет**

1.1. Со ова Решение се определува одговорно лице и родови претставници во Армијата на Република Северна Македонија за промовирање и унапредување на родовата еднаквост во Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. **Одговорно лице и родови претставници во Армијата**:

2.1. За одговорно лице во Армијата се определува Офицерот за родова еднаквост во Кабинетот на началникот на Генералштаб на Армијата.

2.2. За родови претставници во Армијата се определуваат:

- мајор Илјази Исак, ВП 2990 Скопје;
- потполковник Орданче Тодоров, ВП 2733 Велес;
- потполковник Блерим Баланца, ВП 1969 Петровец;
- наредник Гоце Тодоров, ВП 7925/01 Петровец;
- капетан Зорица Здравковска Николова, ВП 2803/14 Скопје;
- поручник Веса Ајдини, ВП 3562 Скопје;
- поручник Бојана Филиповска, ВП 8044 Скопје;
- поручник Теодора Новеска, ВП 4770/10 Куманово;
- поручник Теодора Цветкоска, ВП 4834/03 Скопје;
- поручник Исмаил Мустафа, ВП 7925/14 Штип;
- поручник Авдуш Цељиљи, Вп 7925/73 Куманово;
- постар водник 1 класа, Александра Кузмановска, ВП 8045/02 Скопје;

3. **Задолженија на родовите претставници во Армијата:**

- поддршка во интегрирањето на родовата перспектива во командата, штабот и единицата;
- дава совети на командантот, штабот и единицата за интегрирање на родовата перспектива во рамките на функционалните области;
- спроведување на законите, правилата, упатствата и други подзаконски акти кои се однесуваат на родовата перспектива и родовата еднаквост;
- учествува во операционализирање на програмите и плановите со вклучување на родовата перспектива и интеграција на истата во обуките, вежбовните активности и пред упатната обука за учество во мировни мисии;
- одржува брифинзи во командата, штабот и единиците, а со цел информирање и запознавање со теми од областа на родовата перспектива и родовата еднаквост.
- известува преку линија на командување и контрола и одржува функционален дијалог со Офицерот за родова еднаквост со цел да се обезбеди кохерентна и конзистентна интеграција на родовата перспектива;
- изработува родова анализа за командата, штабот и единици;
- изработува план за родова обука за командата, штабот и единици;
- учествува на состаноци со Офицерот за родова еднаквост со цел размена на искуства и научени лекции и давање насоки и упатства за работа;
- доставува годишен извештај до Офицерот за родова еднаквост во Кабинетот на началникот на Генералштаб на Армијата или по потреба.

4. **Извештаи**

4.1. Се задолжува одговорното лице во Армијата од точка 2 потточка 2.1. да:

- изработи годишен план за работа;
- доставува годишен извештај до Кабинетот на началникот на Генералштаб на Армијата, за преземени активности и степен на реализација на план за работа.
- врши координација со родовите претставници во Армијата, а по потреба остварува контакти и врши координација со други надворешни родови претставници преку Министерството за одбрана;
- споделува искуства и научени лекции и давање насоки за работа со родовите претставници;

## 5. Право на додаток на плата

5.1. На лицата од точка 2 потточки 2.1. И 2.2. на ова решение, им следува додаток на плата согласно одредбите на Колективниот договор на Министерството за одбрана, само за периодот кога се преземаат активности утврдени со закон, подзаконски акти и ова решение и само за лицата што земале учество во работата, а за што одговорното лице е должно да доставува известувања после секој изминат месец до надлежната организациона едница во Министерството за одбрана односно Армијата за изработка на соодветно решение.

## 6. Влегување во сила

6.1. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил: Марија Тренчиќ Костески
Согласен: Ирена Станковска
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Родови претставници (копија бр.1);
- Генералштаб на Армијата (копија бр.2);
- Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука (копија бр.3) и
- Архива (примерок бр. 1).

Електронска достава до (за информирање)
- Кабинет на министерот за одбрана;
- Кабинет на заменик министер за одбрана;
- Државен секретар;
- Сите организациони единици во Министерството за одбрана и
- Воена академија.